Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

# ПРИРАЧНИК ЗА ПРОАКТИВНО ОБЈАВУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИИ

Република Северна Македонија

АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

# ПРИРАЧНИК ЗА ПРОАКТИВНО ОБЈАВУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИИ

*Овој документ е подготвен во рамките на проектот „Промовирање на транспарентност и одговорност во јавната администрација“, финансиран од страна на Европската Унија, а имплементиран од страна на конзорциум предводен од PwC. Документот е изработен за потребите на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер и единствено за целите и според условите договорени согласно Europe-Aid/139891/DH/SER/MK.*

*Наодите, заклучоците и толкувањата изразени во овој документ во никој случај не треба да смета дека ги одразуваат политиките или мислењата на Европската Унија.*

*PwC не прифаќа никаква одговорност (вклучително и за небрежност) кон трети страни во врска со овој документ.*

# СОДРЖИНА


1. СТАНДАРДИ ..... 5

**1.1. Принципот на проактивно објавување ..... 5**

**1.2. Законски прописи за принципот на проактивно објавување ..... 5**

**1.3. Елементи на законските прописи за проактивно објавување ..... 6**

1.3.1. Еднаквост на органите кои имаат обврска ..... 6

1.3.2. Правилото за интернет ..... 6

1.3.3. Категории на информации од општ интерес ..... 7

1.3.4. Флексибилен пристап во однос на категориите на информации кои се објавуваат ..... 13

1.3.5. Проширување на категориите на информации од општ интерес преку посебни закони ..... 14

1.3.6. Објавување на категории на информации поврзани со здравјето и со животната средина ..... 14

1.3.7. Утврдување на начини, канали, формати на објавување, мета податоци за објавените информации ..... 15

1.3.8. Правила за ажурирање на информациите и обезбедување на нивна достапност ..... 16

1.3.9. Достапност на содржини на интернет страниците ..... 16

1.3.10. Еднакви можности за пристап до интернет страниците ..... 16

1.3.11. Помош на лица без технички вештини ..... 16

1.3.12. Координација и контрола на активната транспарентност ..... 16

2. МЕТОДОЛОГИЈА ..... 17

3. ПРЕПОРАКИ ..... 18

4. АНЕКСИ ..... 18

# 1. СТАНДАРДИ

Главниот принцип на законските прописи за пристап до информации е дека сите информации генерирани односно создадени или со кои располагаат имателите на информации, а кои не се предмет на исклучоци утврдени од чл.6 од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер, т.е. пристапот до кои информации нема да причини штета на било кој јавен или личен интерес, треба да бидат достапни. Процесот на обезбедување на достапност до информациите кои не се предмет на ограничувања, вклучува нивно објавување, а тоа се прави најефективно со помош на новите технологии, т.е. интернетот.

## 1.1 Принципот на проактивно објавување

Еден од главните елементи на законските прописи за пристап до информации е дека јавните органи треба да применуваат политики на објавување на информации без да има потреба од поднесување на поединечни барања, односно таканаречените **политики на проактивно објавување.**

Конвенцијата за пристап до официјални документи на Советот на Европа (Конвенцијата 205)[1], ја утврдува активната транспарентност како еден од принципите на правото на пристап. Во членот 10 од конвенцијата е дадена широка формулација на обврските на извршните тела, но сепак се осврнува и на законските прописи во земјите членки, имено:

***Член 10 – Документи ставени на достап на јавноста на иницијатива на јавните органи***

На своја иницијатива и кога е тоа соодветно, јавниот орган треба да ги преземе сите потребни мерки за да ги стави на увид на јавноста службените документи кои ги поседува во интерес на унапредувањето на транспарентноста и ефикасноста на јавната администрација поттикнувањето на информирано учество на јавноста во работите од општ интерес.

Во извештајот со кој се образложува конвенцијата[2] е појаснето кои „службени документи од општ интерес" треба да бидат достапни на јавноста без да има потреба за поднесување на поединечни барања, имено: ***документи за структурите, персоналот, буџетот, активностите, правилата, политиките, одлуките, делегирањето на овластувања, информации за правото на пристап и како да се побараат службените документи, како и сите други информации од јавен интерес.***

Сите овие документи со кои се осигурува дека граѓаните ќе можат да формираат мислење за органите кои ги управуваат и да бидат вклучени во процесот на донесување на одлуки, треба да се објават на иницијатива на јавните органи.

## 1.2. Законски прописи за принципот на проактивно објавување

Политиките на проактивно објавување на информации од страна на јавните органи се регулирани, во голема мера, но сепак не целосно, во законите за пристап до информации.

Во извештајот со кој се образложува конвенцијата им се препорачува на земјите членки да воспостават национални правила за проактивно објавување и, на тој начин да ја поттикнат

[1] Конвенцијата беше отворена за потпишување на 18 јуни 2009 година и стапи на сила на 1 декември 2020 година по 10 ратификации. Видете:Цела листа (coe.int); Северна Македонија ја потпиша конвенцијата 205 на 18 јуни 2009 година, но сè уште не ја ратификуваше.

[2] TROMSØ CONVENTION (coe.int).

примената на политиките за проактивно објавување на информациите и истите да станат достапни на јавноста без потреба од поднесување на поединечни барања.

Со донесувањето на ЗАКОНОТ ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР (ЗСПИЈК)[3] во 2006 година и новиот во 2019 година, утврдени се обврските за прогласување и објавување на одредени категории на информации, имено во одредбите на членот 9 и членот 10. Категориите на информации од општ интерес, предмет на прогласување од страна на сите органи кои имаат таква обврска според законот, се наведени во членот 10: опис на надлежностите и податоци за организациската структура, функциите и одговорностите на управните органи, листа на акти (одлуки) издадени во рамките на надлежностите, финансиски информации, информации за контакт, резиме на податоци поврзани со спроведувањето на ЗСПИЈК.

## 1.3. Елементи на законските прописи за проактивно објавување

### 1.3.1. Еднаквост на органите кои имаат обврска

Во ЗСПИЈК се утврдени обврските на судовите да објавуваат информации согласно член 10, но без притоа да се земат предвид спецификите на работењето на судовите и произведените информации. Според тоа, проактивното објавување во судовите, согласно член 10 е прашање на добра пракса.

Во деловникот за работа на националното собрание[4] се утврдени одредени правила за објавување на интернет на одредени категории на информации поврзани со работата на Националното Собрание, но не е предвидена обврска за транспарентност.

### 1.3.2. Правилото за интернет

Извештајот со кој се образложува Конвенцијата за Советот на Европа за пристап до службени документи, во ставот 72 во врска со членот 10 на Конвенцијата ги охрабрува јавните органи да користат различни видови на проактивно објавување, вклучувајќи и користење на нови информатички технологии и јавно достапни интернет страници, како и традиционални читални и библиотеки во рамките на институциите.

Пред ерата на интернет, пристапот кој законските прописи за пристап до информации од јавен интерес го применуваа беше дека овие информации се прогласуваат, најавуваат односно објавуваат.

Во дваесет и првиот век, стандардот за објавување на информации од значење за општеството е надополнет со објавување на интернет. Сега, во законските прописи за пристап до информации е предвидена и таканаречената „одредба за интернет". Државите со постари законски прописи ги менуваат своите законски прописи или донесуваат нови законски прописи за електронски пристап до информации, во кои се содржат правила за објавување на интернет страници од страна на јавните органи.

[3] https://aspi.mk/en/documents/agency-documents/

[4] ДЕЛОВНИК ЗА РАБОТА за Собранието на Република Македонија; https://www·sobranie·mk/rules-procedures-of-the-assembly-ns_article-rules-of-procedure-of-the-assembly-of-the-republic-of-macedonia·nspx

„Одредбата за интернет" е предвидена во ЗАКОНОТ ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР (ЗСПИЈК) во 2006 година и дополнета во 2019 година со членот 9 од законот.[5]

### 1.3.3. Категории на информации од општ интерес

Проактивното објавување на информации е еден од најважните елементи на правото на пристап до информации. Неговото значење за остварувањето на ова право станува сè поголемо и постепено се поставуваат стандардите во таа област. Во најголем дел од законите за пристап до информации, донесени во изминатата деценија, утврдени се обврски за онлајн објавување на одредени категории на информации. Од прегледот на овие законски прописи може да се види дека постојат одредени вообичаени категории на информации кои задолжително се објавуваа онлајн.[6] На пример, информации за овластувањата и нормативните акти на јавните органи, за нивната структура и функции, за нивните активности, склучени договори, како и информации за транспарентноста на процесот на донесување на одлуки задолжително се објавуваат во согласност со најголем дел од законите за пристап до информации.

Во изминатите години, во рамките на иницијативата отворена влада, беа развиени и дискутирани стандарди за отворена влада.[7] Важен дел од овие стандарди се „Стандардите за проактивно објавување на информации", имено онлајн објавување на:

- Институционални информации – правен основ на институцијата, внатрешни регулативи, функции и надлежности;
- Организациони информации – организациона структура, информации за вработените, како и имињата и информациите за контакт на јавните службеници;
- Оперативни информации – стратегии и планови, политики, активности, постапки, извештаи и проценка на успешноста – вклучувајќи и анализа на фактите и други документи и податоци врз основа на кои се формулираат политиките;
- Одлуки и акти – вклучувајќи податоци и документација кои ја докажуваат потребата за таквите одлуки и акти;
- Информации за јавни услуги – опис на услугите кои органот ги извршува, прирачници и насоки, обрасци и информации за надоместоците и временската рамка за нивно извршување;
- Буџетски информации – буџетска постапка, нацрт буџет, финансиски извештаи, вклучувајќи и информации за платите во рамките на јавната институција, ревизорски извештаи;
- Информации за отворени состаноци – темата, времето, агендата, информации за јавни дискусии и услови за учество во нив;

[5] https://aspi.mk/en/documents/agency-documents/

[6] Компаративниот преглед на категориите на информации за проактивно обелоденување (поставување на стандарди) на Советот на Европа, Организацијата за безбедност и соработка во Европа итн., се дадени во работниот труд на Хелен Дрбишр: http://siteresources.worldbank.org/WBI/Resources/213798-1259011531325/6598384-1268250334206/Darbishire_Proactive_Transparency.pdf, стр.. 39..

[7] http://www.access-info.org/en/open-government-data

- Донесување на одлуки и јавно учество – информации за постапките за донесување на одлуки, вклучувајќи ги и механизмите за јавни расправи и за учество во тој процес;
- Информации за субвенции – за субвенционирани лица, за намената на субвенциите, исплатените износи и процесот на извршување;
- Информации за јавни набавки – за тендерски постапки, критериуми за избор, резултати на тендерите, склучени договори и извештаи за извршување;
- Информатори и ресурси – опис на информативните ресурси, индексите, листите на јавните регистри, опис на јавните регистри, постапката за пристап, вклучувајќи ги и онлајн регистрите и базите на податоци;
- Информации за информациите генерирани од и чувани во регистарот на информации;
- Информации за публикациите издадени од страна на институцијата, вклучувајќи и информации за бесплатните публикации, како и публикациите кои може да се добијат за одреден надоместок;
- Информации за правото на информации:
- Информации поврзани со правото на пристап до информациите и како да се побараат информации, вклучувајќи и информации за контакт со одговорните лица во секој јавен орган.[8]

Голем дел од категориите на информации кои се наведени погоре како стандарди во областа, задолжително се објавуваат и според македонското законодавство. На пример, институционалните, организациските и оперативните информации, управните акти, информации за остварување на правото на пристап до информации, буџетските и финансиските информации, информации за јавни набавки итн., задолжително се објавуваат на интернет страниците на институциите согласно членот 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер

## Споредба на информациите кои проактивно се објавуваат согласно со „стандардите за проактивно објавување на информациите“ (СПОИ) и членот 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (ЗСПИЈК)

[8] http://www.access-info.org/en/open-government-data

| | Стандарди за проактивно објавување на информации (СПОИ) | | Член 10 од ЗСПИЈК |
|---|---|---|---|
| 1. | **Институционални информации** – правен основ на институцијата, внатрешни регулативи, функции и надлежности; | 1. | **Институционални информации**<br>- податоците од неговите надлежности кои ги извршува, односно му се утврдени со<br>Закон<br>- законите кои се однесуваат на надлежноста на имателот на информации, поврзани со регистарот на прописи објавени во службеното гласило |
| 2. | **Организациони информации –** организациона структура, информации за вработените, како и имињата и информациите за контакт на јавните службеници; | 2. | **Организациони информации**<br>-органограм за внатрешна организација<br>-основните податоци за контакт со имателот на информацијата и тоа: назив, адреса, телефонски број, број на факс, е-маил адреса и адресата на интернет страницата,<br>- податоците за функционерот или одговорното лице кај имателот на информацијата (биографија, податоци за контакт и друго),<br>основните податоци за контакт со службеното лице за посредување со информации и тоа: име и презиме, е-маил адреса и телефонски број,<br>- основните податоци за контакт со лице овластено за заштитено внатрешно пријавување и тоа: име и презиме, е-маил адреса и телефонски број,<br>- список на лица вработени кај имателот на информацијата со позиција, службен е- маил и службен телефон, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3. | **Оперативни информации –** стратегии и планови, политики, активности, постапки, извештаи и проценка на успешноста – вклучувајќи и анализа на фактите и други документи и податоци врз основа на кои се формулираат политиките; | 3. | **Оперативни информации**<br>- извештаи за работа кои ги поднесуваат до органите надлежни за спроведување контрола и надзор,<br>- статистички податоци за работата, како и други информации, акти и мерки со кои се влијае на животот и работата на граѓаните и кои произлегуваат од надлежноста и работата на имателот на информации |
| 4. | **Одлуки и акти –** вклучувајќи податоци и документација кои ја докажуваат потребата за таквите одлуки и акти; | 4. | **Одлуки и акти**<br>- прописите што во рамките на својата надлежност ги донесува имателот на информацијата во вид на подзаконски акт: правилници (правилник за внатрешна организација, правилник за систематизација на работните места, правилник за заштитено внатрешно пријавување и друго), уредби, наредби, упатства, планови, програми, решенија и други видови акти за извршување на законите и други прописи, кога за тоа се овластени со закон |
| 5. | **Информации за јавни услуги –** опис на услугите кои органот ги извршува, прирачници и насоки, обрасци и информации за надоместоците и временската рамка за нивно извршување; | 5. | **Информации за јавни услуги**<br>-видови услуги кои ги даваат имателите на информации (информации за физичката достапност за остварување на услугите и информации за е-услугите, податоците за законските основи, називот на услугите, документите и податоците потребни за остварување на секоја од услугите, механизмите за правна заштита и други релевантни податоци),<br>- тарифници за надоместоци за издавање на реални акти |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 6. | **Буџетски информации –** буџетска постапка, нацрт буџет, финансиски извештаи, вклучувајќи и информации за платите во рамките на јавната институција, ревизорски извештаи; | 6. | **Буџетски информации**<br>-годишен Буџет и завршна сметка,<br>- годишни финансиски планови по квартали и програми за реализација на буџетот,<br>- ревизорски извештај |
| 7. | **Информации од отворени состаноци –** темата, времето, агендата, информации за јавни дискусии и услови за учество во нив; | 7. | **Информации од отворени состаноци**<br>- предлог на програми, програми, ставови, мислења, студии и други слични документи кои се однесуваат на актите од надлежноста на имателот на информации соопштенија до јавноста за работи преземени од нивната интернет страница во согласност со законските надлежности |
| 8. | **Донесување на одлуки и јавно учество –** информации за постапките за донесување на одлуки, вклучувајќи ги и механизмите за јавни расправи и за учество во тој процес; | 8. | **Донесување на одлуки и јавно учество**<br>-предлог на програми, програми, ставови, мислења, студии и други слични документи кои се однесуваат на актите од надлежноста на имателот на информации; |
| 9. | **Информации за субвенции –** за субвенционирани лица, за намената на субвенциите, исплатените износи и процесот на извршување; | 9. | **Информации за субвенции**<br>статистички податоци за работата, како и други информации, акти и мерки со кои се влијае на животот и работата на граѓаните и кои произлегуваат од надлежноста и работата на имателот на информации |
| 10. | **Информации за јавни набавки –** за тендерски постапки, критериуми за избор, резултати на тендерите, склучени договори и извештаи за извршување; | 10. | **Информации за јавни набавки**<br>-целокупната документација за јавните набавки, за концесиите и за договорите за јавно-приватно партнерство. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 11. | **Информативни ресурси –** опис на информативните ресурси, индексите, листите на јавните регистри, опис на јавните регистри, постапката за пристап, вклучувајќи ги и онлајн регистрите и базите на податоци; | 11. | **Информативни ресурси**<br>- прописите што во рамките на својата надлежност ги донесува имателот на информацијата во вид на подзаконски акт: правилници (правилник за внатрешна организација, правилник за систематизација на работните места, правилник за заштитено внатрешно пријавување и друго), уредби, наредби, упатства, планови, програми, решенија и други видови акти за извршување на законите и други прописи, кога за тоа се овластени со закон |
| 12. | **Информации за информациите генерирани од и чувани во регистарот на информации –** регистер на генерирани и чувани документи и информации; | 12. | **Информации за информациите генерирани од и чувани во регистарот на информации**<br>- прописите што во рамките на својата надлежност ги донесува имателот на информацијата во вид на подзаконски акт: правилници (правилник за внатрешна организација, правилник за систематизација на работните места, правилник за заштитено внатрешно пријавување и друго), уредби, наредби, упатства, планови, програми, решенија и други видови акти за извршување на законите и други прописи, кога за тоа се овластени со закон |
| 13. | **Информации за публикациите кои ги издава институцијата,** вклучувајќи и информации за бесплатните публикации, како и публикациите кои може да се добијат за одреден надоместок; | 13. | **Информации за публикациите кои ги издава институцијата**<br>-соопштенија до јавноста за работи преземени од нивната интернет страница во согласност со законските надлежности, информативни билтени, службени гласила ако се обврска согласно закон и друго. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 14. | **Информации за правото на информации;** | 14. | **Информации за правото на информации**<br>- основните податоци за контакт со службеното лице за посредување со информации и тоа: име и презиме, е-маил адреса и телефонски број. |
| 15. | **Информации поврзани со правото на пристап до информации** и како да се побараат информации, вклучувајќи и информации за контакт со одговорните лица во секој јавен орган. | 15. | **Информации поврзани со правото на пристап до информации**<br>- основните податоци за контакт со службеното лице за посредување со информации и тоа: име и презиме, е-маил адреса и телефонски број<br>- начинот на поднесување на барање за пристап до информации (начин на поднесување усно и писмено барање за пристап до информации, како и барање поднесено по електронски пат). |
| 16. | **Други информации** | 16. | **Други информации**<br>- други информации кои произлегуваат од надлежноста и работата на имателот на информацијата. |

Меѓутоа, во законот не е предвидено колку често треба да се ажурираат публикациите.

### 1.3.4. Флексибилен пристап во однос на категориите на информации кои се објавуваат

Очигледно е дека листата на категории на информации предмет на објавување според законот, не е исцрпна. Може да се јави зголемен интерес за одреден вид на информации како резултат на тековни дебати, кризи и други јавни прашања.

Државите каде што со закон е воспоставена институцијата (агенција) за информации, имаат независно, централизирано, специјализирано тело надлежно за изготвување на модел шеми за објавување на информациите. На тој начин се овозможува поголемо согледување на спецификите на информациите кои ги генерираат односно кои ги чуваат институциите во рамките на нивните надлежности. Од друга страна, се врши надворешна контрола над шемите за објавување на информациите.

Друго можно законско решение за донесување на одлука кои информациите треба дополнително да се објават, е да се согледа степенот до кој предметните информации се бараат со поднесени барања. Ваквиот пристап е предвиден во Конвенцијата на Советот на Европа (Член 10, точка 73). Сличен ваков пристап е предвиден и со законите на Мексико, Словенија, САД, Бугарија итн.

### 1.3.5. Проширување на категориите на информации од општ интерес преку посебни закони

Покрај обврската за одржување на интернет страница и за обезбедување на пристап до информациите кои се поставени на страницата, со законот исто така треба да се предвиди и обврска за објавување на информации за јавниот орган кои се од општ интерес – како граѓаните можат да ја контактираат институцијата, какви видови услуги можат да добијат, како институцијата ги извршува своите надлежности и функции, информации кои им помагаат на посетителите да формираат мислење за активностите на институцијата, како се трошат јавните пари, како се добиваат информации од тој орган.

Процесот на прегледување и на ажурирање на листите на категориите на информации предмет на објавување исто така треба да следи конкретни пристапи и да биде предмет на контрола.

Во одредени држави кои имале законски прописи за пристап до информации пред 1990 година, обврските за проактивно обелоденување ги имаат проширено не само преку законите за пристап до информации, туку и преку посебни закони во кои се предвидени обврски за објавување на конкретни категории на информации – договори, транспарентност на буџетите односно развивање на таканаречената насочена транспарентност. Во изминатиот период, процесот на зголемување на транспарентноста е конкретно проучуван и систематизиран.[9]

Развојот и одржувањето на јавни регистри на интернет е уште еден предуслов за развој на насочената транспарентност.

### 1.3.6. Објавување на категории на информации поврзани со здравјето и со животната средина

Стандардите за објавување на конкретни категории на информации кои се од јавен интерес бараат да постојат одредени правила во врска со ажурирањето на информации и со слободниот пристап до таквите информациите. За одредени категории на информации, јавните тела имаат обврска да бараат и други канали за информирање доколку постои ризик по животот, здравјето и имотот на граѓаните. Во такви случаи, управните органи имаат дополнителна обврска да ги информираат граѓаните што е можно побргу и на сите соодветни начини.

Постои ваква категорија во членот 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и во членот 90 од Законот за животна средина, но не се прецизирани конкретни временски рокови односно конкретни обврски.

[9] Full Disclosure. The Perils and Promise of Transparency, Archon Fung, Mary Graham, David Weil, Cambridge University Press, 2007.

### 1.3.7. Утврдување на начини, канали, формати на објавување, мета податоци за објавените информации

Интересот за слободно користење на цели збирки на податоци и бази на податоци генерирани од страна на јавните органи, станува сè поголем со развојот на информатичките технологии.

Во 2003 година, Европската Заедница ја усвои директивата 2003/98/ЕЗ за користење на информациите од јавниот сектор.

Во 2013 година, директивата е ревидирана.

Во Македонија, ревидираната директива 2013/37/ЕУ беше воведена преку **ЗАКОНОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НАПОДАТОЦИТЕ ОД ЈАВНИОТ СЕКТОР (3 февруари, 2014 година)**

Целта на ревизиите на Директивата за користење на информациите од јавниот сектор е да се предвиди јасна обврска за земјите членки да овозможат користење на сите расположливи документи, освен ако пристапот до нив не е ограничен односно оневозможен врз основа на национални прописи со кои се регулира пристапот до документите и врз основа на други исклучоци предвидени во Директивата.

За да се олесни користењето на податоците, директивата предвидува дека, секогаш кога е можно и соодветно, јавните органи треба да ги објават документите на увид во отворени и машински читливи формати. Новата Директива предвидува неколку важни принципи кои се значајни за законски прописи со кои се регулира пристапот до и слободното користење на информациите.

Збирките на податоци кои ги водат органите од јавниот сектор треба да ги содржат следниве работи:

**А.** Опис на информациите содржани во збирките на податоци, како и опис на тоа колку се податоците темелни и кохерентни. Во сегашниот текст на законот е предвидена обврска за „опис на базите на податоци и збирките на податоци“ и „постапка за пристапување“ до нив. Во Директивата е предвидена обврска за обезбедување на податоците заедно со мета податоците.

**Б.** Кохерентноста на објавените податоци и нивната релевантност во однос на други податоци.

**В.** Транспарентност на критериумите за формирање на надоместоците за пристап до збирките на податоци, регистрите итн.

Во 2019 година беше усвоена нова Директива – ДИРЕКТИВА (ЕУ) 2019/1024 НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ И НА СОВЕТОТ од 20 јуни 2019 година, за отворени податоци и за користење на информации од јавниот сектор.[10]

[10] https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=celex%3A32019L1024

### 1.3.8. Правила за ажурирање на информациите и обезбедување на нивна достапност

Законскиот пропис за проактивно објавување на ажурни информации предвидува правила и временски рокови за нивно објавување.

Истото важи и за ажурирањето на информациите кои се предмет на објавување согласно со делот „Пристап до информации“.

### 1.3.9. Достапност на содржини на интернет страниците

Јавните органи кои имаат обврска да објавуваат информации на интернет треба да преземат мерки за да ги направат таквите информации достапни на нивните интернет страници со обезбедување на единствена адреса за нив, автоматско пренасочување кон новата адреса, доколку се промени и достапност на адресите на објавените информации за пребарувачите.

### 1.3.10. Еднакви можности за пристап до интернет страниците

Законот предвидува дека лицата со попреченост можат да побараат пристап на начин кој што е соодветен на нивната можност за комуникација. Меѓутоа, таквите обврски не се однесуваат на проактивното објавување на информации. Целта е да се осигури дека лицата со попреченост имаат пристап до објавените информации на начин кој што е соодветен за нив.  Кога имаме ваква цел во врска со е-услугите, т.е. во однос на дел од работата на администрацијата, тогаш овој принципот се однесува и на објавувањето на информациите за активностите на јавниот орган на интернет.

### 1.3.11.  Помош на лица без технички вештини

Законите за пристап до информациите предвидуваат еднаквост за сите баратели. Треба да се има предвид дека објавувањето на интернет не ја заменува обврската на јавните органи за обезбедат пристап до информациите на соодветен начин, на луѓе кои немаат никакви технички вештини да работат со компјутер или на интернет.  Освен тоа, опремувањето на читални во јавните институции претставува неопходен услов, но треба да биде надополнет и со правила за пружање на помош на барателите.

### 1.3.12. Координација и контрола на активната транспарентност

Процесот на избор на информациите кои треба да се објават на интернет не треба да зависи само од администрацијата. Ова прашање би можело да се реши со регулирање на категориите на информации кои задолжително треба да се објавуваат од страна на сите надлежни органи и со усогласување на објавувањето. Освен законското регулирање, за ова е потребно и функционирање на централизирано специјализирано тело за надзор над спроведување на законот, имено Агенцијата за заштитата на слободниот пристап до информации од јавен карактер (АЗПСИЈК).

# 2. МЕТОДОЛОГИЈА

Алатка за АЗПСИЈК за следење на проактивното објавување на листа на категории на информации од страна на надлежните органи.

Препораки за инструментот за следење на спроведување на обврските во рамките на членот 10.

Агенцијата има обврска за ажурирање на листата на надлежни органи согласно членот 10. Оваа листа ги опфаќа државните тела во системот на извршната власт, правосудните органи, законодавните органи, општините и јавните претпријатија, училиштата, кои се финансираат од државниот буџет односно од буџетите на општините. Вкупниот број на овие субјекти во моментов е 1439. Категориите вклучуваат јавни органи од трите дела на државната власт, општините и другите јавни органи, јавните претпријатија, училиштата, детските градинки, болниците, културните субјекти итн. Иницијативата на Агенцијата за следење на спроведувањето на обврските согласно членот 10 треба да го земе предвид прво капацитетот на Агенцијата за извршување на вакво периодично и сеопфатно следење. Дури и за да се примени автоматизиран систем за следење потребни се многу поголеми капацитети за да се опфатат сите надлежни органи. Идејата зад ваквото следење е да се поттикнат субјектите активно да ги обавуваат информациите предвидени во членот 10. Сепак, треба да се има предвид дека овластувањата и одговорностите за транспарентност се различни за различни категории на обврзани субјекти. Некои јавни претпријатија, училишта немаат доволно административни капацитети и ресурси за да ги одржуваат своите веб страници.

***Препорака:*** Агенцијата треба да го насочи следењето на извршните органи и општините, а во следна фаза и на другите обврзани субјекти. Јавните органи и општините можат да имаат своја улога во поттикнувањето на јавните претпријатија кои ги финансираат, да ја развијат активната транспарентност.

***Предложена активност:*** Агенцијата може да објави на својата веб страница, модел шеми за објавување на информации од јавен карактер, овозможувајќи да се земат предвид спецификите на обврзаните субјекти, нивните надлежности и спецификите на информациите кои имаат обврска да ги објавуваат. Активната транспарентност е процес кој постојано еволуира и може да биде поддржан со постојани обуки, следење и финансиска поддршка. Агенцијата изготви прашалници за следење на проактивната транспарентност врз основа на членот 10 од законот и врз основа на постојните методологии за следење на активната транспарентност во Македонија, како што е таа на агенцијата и на центарот за граѓански комуникации. Овие документи се приложени на овој документ како анекси. Тие можат да послужат како модел шеми за објавување изготвени од агенцијата.

# 3. ПРЕПОРАКИ

**1.** Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер да се фокусира на следењето на спроведувањето на членот 10 од законот од страна на централната и локалните власти. Овие јавни органи би можеле да изготват модели на добра пракса при спроведувањето на законот од страна на другите обврзани субјекти кои работат под нивен надзор односно во нивното поле на работа.

**2.** Да се предвидат јасни обврски за конкретните обврзани органи да објавуваат онлајн (правилото за интернет) категории на информации поврзани со нивната конкретна дејност, како што се судовите, органите на законодавната власт, општините итн.

**3.** Да се развијат регулативи во кои ќе се предвиди колку често треба да се ажурираат публикациите.

**4.** Да се утврдат рокови за објавување на информации кои задолжително треба да се објават, во внатрешните правила за примена на Законот за слободен пристап до информации. Датумот на објавувањето на информациите треба да се појави автоматски.

**5.** При изготвувањето на нацрт измени на законот за користење на информации од јавен карактер, се препорачува да се разгледа и можноста да се предвиди обврска за објавување на листата на јавни регистри и збирки на податоци кои се водат кај секој јавен орган.

# 4. АНЕКСИ

***Анекс 1.** Листа на категории на информации за државни органи*

***Анекс 2.** Листа на категории на информации за општини*

***Анекс 3.** Листа на категории на информации за следење на државни органи*

***Анекс 4.** Листа на категории на информации за следење на општини*

***Анекс 5.** Насоки на техничкиот проект за систем за следење*

***Анекс 6.** Модел информациони шеми за АИЦО*

***Анекс 7.** Преглед на шемите за објавување на информации за раководните извршни службеници*

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Проектот е финансиран од Европската Унија

ЕУ со ТЕБЕ

Промовирање на транспарентност и одговорност во јавната администрација